Јован 15:9 Како што Таткото Ме возљуби Мене, така и Јас ве возљубив вас. Останете во Мојата љубов!

Исаија 43:1 Сега вака зборува Господ, Кој те создаде, Јакове, Кој те створи, Израеле: „Не бој се, зашто Јас те откупив; те повикав по име, ти си Мој!

Еремија 1:5 „Пред да те вообликувам во мајчината утроба, Јас те знаев; пред да излезеш од мајчината утроба, Јас те посветив, за пророк на сите народи те поставив."

Јован 15:16 Вие не Ме избравте Мене, но Јас ве избрав вас и ве поставив да одите и да принесувате плод, и вашиот плод да остане; и Мојот Татко да ви даде сѐ што ќе посакате во Мое име.

3 Јован 1:2 Возљубен мој, ти посакувам да ти биде добро во сѐ и да бидеш здрав, како што и е добро на твојата душа.

Исаија 43:4 Зашто си скапоцен во Моите очи, ценет си, и Јас те возљубив. Затоа и давам луѓе за тебе, и народи за твојот живот.

Еремија 31:3 Господ му се јави од далечина: „Те љубам со вечна љубов, затоа ти запазив милост.

Осија 11:8 Како да постапам со тебе Ефреме, како да те предадам Израелу! Дали да постапам со тебе како со Адма? Дали да постапам со тебе како со Севоим? Моето срце Ми се врати во Мене, милосрдието Ми пламна:

Јован 3:16 Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот.

Исаија 49:15,16 Може ли жена да го заборави своето доенче, да не му се смилува на чедото на својата утроба? Па кога некоја и би заборавила, Јас нема да те заборавам тебе. 16 Ете, те врезав во Своите дланки, твоите ѕидови секогаш Ми се пред очите.

Исаија 41:13 Зашто Јас, Господ, твојот Бог, ја крепам твојата десница и ти велам: 'Не бој се, Јас ти помагам.'

Матеј 28:20 И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот. Амин!"

Јован 14:1 „Да не се вознемирува вашето срце; вие верувате во Бога, верувајте и во Мене!

Исаија 41:14 Не бој се, Јакове, црвче, Израелу, ларво, Јас Сум твоја помош - говори Господ - Израелевиот Светец е твој искупител.

Исаија 43:2 Кога преминуваш преку вода, со тебе Сум; или преку река, нема да те потопи. Ако тргнеш низ оган, не ќе изгориш, пламенот нема да те опали.

Псалми 23:1-6 Давидов псалм. Господ е Пастир мој; ништо нема да ми недостасува, 2 На зелени пасишта Тој ми дава починка; При тивки води - ме води. 3 Ја освежува мојата душа, ме води по патеките на правдата, поради Своето име. 4 Ако тргнам и низ долината на смртната сенка, нема да се уплашам од злото, зашто Ти си со мене. Твојот жезал и Твојата палка ме утешуваат. 5 Приготвуваш трпеза пред мене, пред погледот на моите непријатели. Ја помаза мојата глава со масло, мојата чаша се прелева. 6 Навистина, благоста и милоста ќе ме следат, низ сите денови на мојот

живот. И јас ќе престојувам во Господовиот дом засекогаш.

Јован 14:27 Ви оставам мир, ви го давам Мојот мир. Не ви го давам како што го дава светот. Нека не се вознемирува вашето срце и нека не се бои.

Филипјани 4:7 И Божјиот мир, што го надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Христа Исуса.

Пословици 3:24 Кога ќе легнеш, нема да се плашиш, и кога ќе заспиеш, ќе сонуваш слатко.

Псалми 4:8 Спокојно ќе легнам, и ќе заспијам зашто само Ти, Господи, ми даваш да живеам во безбедност.

Псалми 33:18 Ете, Господовото око е над оние кои се бојат од Него, над оние, кои се надеваат на Неговата милост:

Римјаните 5:2 преку Кого и пристапивме со вера во оваа благодат, во која стоиме, и се фалиме во надежта на Божјата слава.

Исаија 55:12 Да, ќе отидете со радост, и ќе бидете водени со мир. Горите и брдата ќе воскликнуваат од радост пред вас, и сите дрва во полето ќе плескаат.

Јован 16:22 Така и вие сега сте нажалени; но пак ќе ве видам, па ќе се зарадува вашето срце, и таа ваша радост никој не ќе може да ви ја одземе.

Лука 12:9 а кој се одрече од Мене пред луѓето, ќе биде одречен пред Божјите ангели.

Матеј 10:30 А вам ви се изброени дури и влакната на главата.

Исаија 54:10 Нека се раздвижат планините и нека се потресат бреговите, но Мојата љубов нема да се повлече од тебе, ниту ќе се расколеба Мојот Завет на мирот," вели Господ Кој ти се смилува.

Матеј 11:28-30 "Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор. 29 Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене, зашто Јас сум кроток и понизен по срце; и ќе најдете одмор на своите души; 30 зашто Мојот јарем е пријатен и Моето бреме е лесно.

Песна над Песните 2:10 Мојот возљубен почнува да ми зборува: „Стани, моја возљубена, убавице моја, и дојди!

Осија 2:14,19,20 Еве, затоа ќе ја привлечам, ќе ја одведам во пустината и ќе му проговорам на нејзиното срце. 19 Ќе те свршам довека за Себе; Ќе те свршам во правда и справедливост, во добрина и во милост; 20 ќе те свршам за Себе во верност и ти ќе Го сознаеш Господа.

Излез 3:14 „ЈАС СУМ, КОЈ СУМ," му рече Бог на Мојсеја. Потоа продолжи: „Кажи им вака на Израелците: 'ЈАС СУМ, ме испрати при вас.'"

Осија 13:4 А Јас Сум Господ, твој Бог сè од Египетската Земја: не љуби друг Бог освен Мене! Нема Спасител освен Мене.

Јован 15:14 Вие сте Ми пријатели - ако го вршите она, што Јас го заповедам.

Откровение 3:20 Еве, стојам на вратата и чукам; ако некој го чуе Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам при него и ќе вечерам со него, и тој со Мене.

Pastor T. John Franklin
Church of Salvation, Healing, and Deliverance
COS-HAD.org